19.04.2024 година

Врз основа на член 43 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери бр.01-381 од 21.03.2018 година и Правилникот за дисциплинска постапка во Комората број 02-901/3 од 20.07.2017 година, а врз основа на поднесеното барање за покренување на дисциплинска постапка број 02-308/1 од 01.04.2024 година, дисциплинската комисија на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, по одржаниот состанок на 19.04.2024 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**

за изрекување дисциплинска санкција на Кирил Димески

На кандидатот за член на Комората г-дин Кирил Димески му се изрекува дисциплинска санкција - забрана за аплицирање за било какво овластување од Комората за период од 1 година, во согласност со член 6, став 3, точка 5 од Правилникот за дисциплинска постапка во Комората, за сторен дисциплински престап предвиден во член 4, став 1, точка 2 и став 2 од Правилникот за дисциплинска постапка во Комората 02-901/3 од 20.07.2017 година.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Дисциплинската комисија во состав: Ратко Станојковски деи, Сашо Блажевски диа, Драган Ѓорѓовиќ дми и Марина Стојмановска диа, се состана на ден 19.04.2024 година, на состанокот разгледувајќи ја приложената документација, во консултација со правен советник, ја констатираше следната фактичка состојба:

1.Согласно поднесеното барање за покренување на Дисциплинска постапка број 02-308/1 од 01.04.2024 година заедно со доставената комплетна документација, како и барањето од Комисијата за преглед на документацијата за издавање на инженерски овластувања од областа Архитектура, за покренување дисциплинска постапка против инженер Кирил Димески, со овластување бр.Б 1.2162 - констатира противречности во информациите од кандидатот Кирил Димески, директорот на фирмата Миле Стојкоски и одговорниот проектант Гордана Блашкоска.

Комисијата го прифаќа образложениeто од Комисијата за преглед на документацијата за издавање на инженерски овластувања од областа Архитектура, за констатирани недоследности.

2. Со записник од комисија за преглед на документација во состав: Благојче Цветковски, Никола Велковски, Александар Радевски, Хамди Сулемани, Владимир Деловски и Александар Василев констатирано е дека од кандидатот Кирил Димески не се доставени оригинали односно не е исполнета забелешка 2.

3. Земајќи го во предвид и записникот од комисијата за преглед на документација во состав: Благојче Цветковски, Драгана Јовановска, Милена Шундовска Четелева, Хамди

Сулемани, Марио Баткоски и Ристо Малков констатирано е дека кандидатот има документи со нелогичен хронолошки тек во датумите од Договорот и доставената документација во pdf, како и дека не е доставена оригиналната документација на увид од првата референтна листа.

4. Согласно дописот испратен до Гордана Блашкоска од комисијата за преглед на документацијата за издавање инженерски овластувања од област Архитектура кои на ден 27.02.2024 година разгледувајќи ја апликацијата на Кирил Димески за овластување А за изработка на проектна документација, утврдуваат дека согласно приложената документација во референтната листа наведено е дека кандидатот е соработник на три независни проектни документации.Врз основа на упатството за работа на комисиите за преглед на комплетноста на документите за издавање на овластувањата во професионалните одделенија донесено од Управниот одбор (број 01-1172 од 22.11.2022) комисијата има потреба од дополнително потврдување на референтната листа при што од архитект Гордана Блашкоска побарано е да се изјасни:

- Дали кандидатот е соработник на наведените референци?
- Дали сите наведени референци се однесуваат на градби од I категорија, односно дали за наведените референци се издадени акти за градење?
- Дали има можност до комисијата да се доставaт на увид оригиналните ревидирани проектни документации?
- Дали има можност до комисијата да се доставaт на увид актите за градење?

5. Комисијата за преглед на документацијата за издавање инженерски овластувања од област Архитектура, со допис се обрати и до Александра Матеска дипл.инж.арх. овл. Бр. А. 11737. Дописот направен е врз основа на упатството за работа на комисиите за преглед на комплетноста на документите за издавање на овластувањата во професионалните одделенија донесено од Управниот одбор (број 01-1172 од 22.11.2022) при што од архитект Александра Матеска побарано е да се изјасни:

- Дали кандидатот е соработник на наведените референци?
- Дали наведените референци се однесуваат на независни проектни документации, односно дали за наведените референци се издадени посебни акти за градење?
- Дали има можност до комисијата да се доставaт на увид оригиналните ревидирани проектни документации?
- Дали има можност до комисијата да го/и доставaт на увид актот/актите за градење?

6. Согласно дописот од КОАИ на РСМ од 04.03.2024 година, архитект Гордана Блашкоска на ден 07.03.2024 година известува дека **нема потврдено референтна листа** за спомeнатите проекти како соработник на име на Кирил Димески.

Од тука, според погоре изложените аргументи кај именуваниот постои направен дисциплински престап со прекршување на Кодексот за професионална етика

и член 4, став 1, точка 2 и став 2 од Правилникот за дисциплинска постапка во Комората 02-901/3 од 20.07.2017 година.

Врз основа на ова образложение Дисциплинската комисија на Комората донесе одлука како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА

Жалба против одлуката на Дисциплинската комисија може да се поднесе до Комисијата за решевање жалби од втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката.

**Претседател на Дисциплинска комисија на Комората**
Ратко Станојковски, д.е.и.

Ratko Stanojkovski

Digitally signed by Ratko Stanojkovski
DN: c=MK, serialNumber=174876, sn=Stanojkovski, givenName=Ratko, cn=Ratko Stanojkovski
Date: 2024.07.18 15:59:09 +02'00'